ФПИОСМ
FSPIMV
ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT
Улица „23 Октомври" бр. 11, 1000 Скопје Тел: (02) 3250 100, Емаил: info@piom.com.mk
Rruga "23 Oktomvri" nr. 11, 1000 Shkup Tel: (02) 3250 100, Email: info@piom.com.mk

Бр. 04-281/1
Скопје, 15.01.2026 год.

Врз основа на член 161 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 , 75/25 и 151/25), член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 14/20, 215/21,99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 816/2025 со бр.10-1903/20 од 31.12.2025 година, директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, донесе

# О Д Л У К А

**за избор на административен службеник**
**за вработување по објавен јавен оглас бр.816/2025**

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.816/2025 во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија:

   - За работно место **Соработник за комплетирање на податоци од матична евиденција и придонес за пензиско и инвалидско осигурување – Филијала Пробиштип** на ниво В04, 1 (еден) извршител, се врши избор за вработување на административен службеник на кандидатот **Тина Тасева Петровска** со идентификациски код **44Е33А3.**

2. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата и на огласна табла на Агенцијата за администрација, а ќе се достави и до избраниот кандидат.

3. Решение за вработување на административен службеник ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

4. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

По барање за објавување на јавен оглас бр.04-2926/2 од 16.07.2025 година од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на 23.07.2025 година Агенцијата за администрација објави јавен оглас бр.816/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник, на работно **Соработник за комплетирање на податоци од матична евиденција и придонес за пензиско и инвалидско осигурување – Филијала Пробиштип** со шифра **ФПО0102В04010**, на ниво **В04**, во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување, се спроведе постапка за вработување, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, изготви конечна ранг-листа на кандидати и достави до директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија предлог со бр. 10-1903/20 од 31.12.2025 година, за вработување за работното место под реден број 391 **Соработник за комплетирање на податоци од матична евиденција и придонес за пензиско и инвалидско осигурување**, со шифра **ФПО0102В04010**, на ниво **В04**, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на кандидат **ТИНА ТАСЕВА ПЕТРОВСКА** со идентификациски код **44Е33А3**.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија бр.02-4743/1 од 06.11.2019г, бр. 02-3128/1 од 24.08.2020г., бр. 02-3413/1 од 16.09.2020г., бр. 02-4307/1 од 17.11.2020г бр. 02-547/3 од 03.02.2021г. бр. 02-910/1 од 15.02.2021г, бр. 02-2255/1 од 04.05.2021г., бр.02-3567/1 од 12.07.2021г, бр. 02-3932/1 од 05.08.2021г, бр. 02-790/1 од 01.03.2022г, бр. 02-867/1 од 04.03.2022г, бр. 02-1847/1 од 15.04.2022 г, бр. 02-2201/1 од 10.05.2022г, бр. 02-4061/1 од 07.09.2022г, бр. 02-4140/3 од 20.09.2022г, бр. 02-4248/1 од 20.09.2022г, бр. 02-4438/1 од 04.10.2022г, 02-4819/1 од 20.10.2022г, бр.02-5120/1 од 07.11.2022г, бр.02-6040/1 од 27.12.2022г, бр.02-6065/1 од 27.12.2022г, бр.02-423/1 од 27.01.2023г, бр.02-836/1 од 10.02.2023г, бр.02-913/1 од 13.02.2023г, бр.02-1661/1 од 27.03.2023г, бр.02-2760/1 од 07.12.2023г, бр.02-248/1 од 18.01.2024г, бр.02-565/1 од 04.02.2025г, бр.02-1359/1 од 26.03.2025г, бр.02-2229/1 од 28.05.2025г, бр.02-2470/1 од 16.06.2025г, бр.02-2632/1 од 26.06.2025г, бр.02-2861/1 од 10.07.2025г, бр.02-2903/1 од 14.07.2025г, бр.02-2924/1 од 16.07.2025г, бр.02-2960/1 од 17.07.2025г, бр.02-2964/1 од 17.07.2025г, и бр.02-3035/1 од 24.07.2025г, директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Кандидатот;
-Агенција за администрација,
- Одделението зачовечки ресурси;

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT / СКОПЈЕ / SHKUP

ДИРЕКТОР
Никола Мемов

Изработил: Соработник- З.Мехмед З.М
Контролирал: Раководител на одделение- Б.Цветковска
Одобрил: Директор на Сектор- В.Ѓуроски